ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА
Бр. 09-357/1
06.02 2019 год.
МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНСКАТА АДМИНИСТРАЦИЈА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

*Македонска Каменица, 2019 година*

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018), Градоначалникот на општина Македонска Каменица, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Македонска Каменица**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Македонска Каменица, број 09-425/1 од 22.02.2016 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Македонска Каменица, број 09-758/1 од 10.04.2018 година тоа:

Во Глава IV „Опис на работните места во општина Македонска Каменица“ во точка 3 „Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој“ за работното место под реден број 21, со шифра УПР 01 01 Б04 000, Ниво Б4 и назив на работното место „Раководител на одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој“, во делот на Вид на образование зборовите „архитектура, урбанизам и планирање“се заменуваат со зборовите „географија“.

Во Глава IV „Опис на работните места во општина Македонска Каменица“ во точка 3 „Одделение за урбанизам, комунални работи, заштита на животна средина и локален економски развој“ за работното место под реден број 23, со шифра УПР 01 01 В01 000, Ниво В1 и назив на работното место „Советник за планирање на локален економски развој“, во делот на Вид на образование зборовите „економски науки“ се заменуваат со зборовите „рударство“.

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се применува по добиената писмена согласнот од Министарeството за информатичко општество и администрација.

Број 09-357/1
06.02.2019 година

**Општина Македонска Каменица**
**Градоначалник**
**Сoња Стаменкова**